Проектот е финансиран
од Европската Унија

**Лот број:** 1.5 - Ангажирање локални координатори за организирање настани и средби на СЕММ

**Референтен број на проектот:** IPA/2020/420-934

**Наслов на проектот:** Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Финансиран од**: Европската Унија

# АНЕКС 1 – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ
# (TERMS OF REFERENCES - TOR)

## Позадина

**Накусо за проектот:**

Целта на проектот е зајакнување и поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија и поддржување, унапредување и афирмирање на саморегулацијата во медиумите. Дополнително, фокусот на проектот е јакнењето на капацитетите на Советот за етика во медиумите (СЕММ). Исто така, ќе се работи на подобрување на интегритетот и професионализмот во редакциите, како и директна и индиректна комуникација со медиумите, со особен фокус во утврдување на специфични механизми за соработка со новинарите и медиумите. Проектните активности исто така имаат за цел да подготват основа за ажурирање на етичките Кодекси, особено во делот на унапредување на етичките и професионалните стандарди.

## Цел и предмет на набавката:

Целта на оваа набавка е обезбедување услуги преку ангажирање координатори за организирање настани и средби со претставници на медиуми, граѓански организации, претставници од јавни институции на целата територија на државата, (во осумте плански региони: Скопски, источен, југоисточен, североисточен, пелагониски, вардарски, југозападен и полошки регион), во рамките на активностите на проектот „Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија“. Крајните продукти кои што треба да се испорачаат од координаторите/избраните понудувачи детално се наведени во делот на „Очекувани резултати“ (Анекс 3).

Целта на ангажирањето на координаторите е да помогнат во организацијата и реализацијата на настани на СЕММ со претставници со медиуми, граѓански организации, претставници од јавни институции, итн.). Спроведувањето на активностите ќе биде во тесна и постојана консултација/комуникација и соработка со проектниот тим на СЕММ.

**<u>Ангажманот подразбира:</u>**

1. Учество во планирање и организација на настани онлајн и/или со физичко присуство (средби, состаноци, дебати, дискусии, итн.);
2. Асистенција при контактирање на целните групи и детално запознавање со програмата и целите на настаните и очекуваните резултати, со општата мисија и визија на СЕММ, како и концептот на саморегулација во медиумите;
3. Логистичка поддршка на проектниот тим на СЕММ поврзано со организирањето на настаните;
4. Прибирање релевантни информации поврзани со организирањето на настаните и нивна навремена размена со извршната канцеларија на СЕММ;
5. Следење и известување околу медиумската покриеност на организираните настани (прес клипинг);
6. Доставување на месечен извештај, (time sheet - преглед на работни саати), при извршување на ангажманот.

**<u>Квалификации и претходно искуство</u>**

Успешните кандидати треба да бидат физички лица и да имаат:

1. Искуство, знаење и квалификации во планирање и реализација на активности коишто подразбираат вклучување на различни претставници на медиумите, граѓанските организации и институциите, со цел да ги испорача сите ставки кои се предмет на овој повик, наведени во (Анекс 3 - Очекувани резултати);
2. Познавање на спецификите на состојбите поврзани со функционирањето на медиумите и граѓанскиот сектор на локално ниво, и сл.;
3. Претходно учество на настани поврзани со дискусија за медиумски политики, реформи и професионално известување, афирмација на човековите права низ медиумското известување, медиумската саморегулација, медиумската писменост и слично, ќе се смета за предност.
4. <u>Кандидатите доколку ги исполнуваат наведените критериуми може да се пријават за еден или повеќе региони.</u>

**<u>Интелектуална сопственост:</u>**

Содржините, продуктите и сите материјали кои што ќе произлезат од ангажманот и настаните ќе останат во сопственост на Советот за етика во медиумите (СЕММ). Понудувачот се согласува да не ги користи горенаведените материјали надвор од овој ангажман и за други цели, без претходна писмена согласност од СЕММ.

**Временска рамка:**

- Планираниот датум за отпочнување на ангажманот на координаторите е од денот на потпишување на договорот со избраниот понудувач. Договорот ќе биде склучен врз основа на ставките и правните обврски кои што произлегуваат од „Очекуваните резултати“, а подетално објаснети во Анекс 3.
- Првичниот договор со избраниот понудувач ќе биде склучен на 3 месеци, со можност за продолжување врз основа на квалитетот и постигнувањата при спроведувањето на ангажманот од понудувачот.
- Доколку наведените услови во склучениот договор не бидат испочитувани од страна на избраниот понудувач, СЕММ има право и пред истекот на договорениот рок да го раскине договорот, а по претходно писмено известување во рок од 3 работни дена пред раскинувањето.

**Финансиски надомест:**

Вкупната сума која што ќе се исплаќа на избраниот понудувач, за еден работен ден е 60 евра, во денарска противвредност, (бруто сума). Бројот на денови на ангажман ќе биде утврден во зависност од природата на настанот и потребите на Советот за етика. Исплатите не подлежат на ДДВ оданочување, имајќи предвид дека Проектот е ослободен од исплата на ДДВ, во согласност со решението од Управата за јавни приходи – УЈП и билатералниот договор помеѓу РСМ и ЕУ, видно од потврдата од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), со број: 20-15/2 од 12.02.2021 год.

Деталите и начините на исплати ќе бидат дефинирани во договорот склучен помеѓу барателот за услугата и избраниот понудувач.

Плаќањето ќе се врши според следнава динамика:

- На месечна основа, по доставување на месечен извештај, (time sheet - преглед на работни саати), од извршениот ангажман.
- Ќе се исплаќа на име и трансакциска сметка во сопственост на физичкото лице, избраниот понудувач, која што ќе биде наведена во склучениот договор.
- Барателот на услугите е обврзан да го исплаќа персоналниот данок, врз основа на извршениот ангажман на локалниот координатор, на месечна основа.

**Анекс бр. 1**